**ДЕЛОВЕН ИЗВЕШТАЈ**
за периодот од 01.01.2021 до31.12.2021 година

1. Општи податоци за организацијата со статус од јавен интерес
   1.1 Назив на здружението и фондацијата од јавен интерес: Унија на макеонски професионални асоцијации во креативните индустрии УМПАКИ Скопје
   1.2 Седиште: Бул. Свети Климент Охридски бр. 63А-8, Скопје
   1.3 Податоци за контакт: Тел. 072230688
   1.4 Дејност од јавен интерес: Уметност, култура и заштита на културно наследство
   1.5 Години на дејствување: повеќе од пет годни (2016- )
   1.6 Ниво на дејствување: Национално
   1.7 Организациска структура: Собрание, Надзорен и Управен одбор
   1.8 Човечки ресурси: Четворица хонорарно ангажирани лица и еден волонтер
   1.9 Членство во домашни и меѓународни мрежи: Стопанска комора на Северна Македонија, b.creative Network, CNB Denmark
2. Буџет
   2.1 Вкупен буџет: 85.000 денари
   2.2 Извори на финансирање: Сопствени
3. Резиме на програмата за работа

Во 2021 година УМПАКИ успеа да ја реализира зацртаната Програма за дејствување во 2021 година. Имено се направија и реализираа следните активности кои во голема мера беа во заедничка соработка со организации со кои Унијата има склучено Меморандуми за соработка:
- Се започна со реализација на проектот Koockle, во соработка со аудиовизуелна компанија од Битола и Интернационалниот Унивезритет Еуропа Прима од Скопје
- Се спроведе и реализира една Анализа за дигитални вештини и потреби во креативните индустрии
- Актвно се зеде учество во управување со проекти кои бараа решавање на проблеми и споделување на практики за соработка меѓу одделните асоцијации кои се дел од Унијата
- Активно се работеше и се даваше поддршка на правни лица и организации од областа на фотографија, музика, архитектура, дизајн, филм и гејминг.
- Се оддржаа неколку работни средби со претставници на Организации со управување на авторските и сродните прва во Република Северна Македонија
- Активно учество на домашни и меѓународни форуми и конференции од областа на креативните индустрии (форуми под покровителство на УНЕСКО во Битола, настани од областа на фотографијата и филмот во Скопје, интернационална конференција во Шпанија)
- Оддржување на неколку работни средби со работни групи во Министерството за Култура на Република Северна Макаедонија, на кои се дискутираше за унапредувањето на овој сектор во нашата држава
- Активно учество во работата на Министерството за кулутра и Советото на Европа за изготвување на Cultural Peer Review
- ПАртиципираше во неколку проектни апликации во Еразмус + програмата и програмите Култура и МЕДИА на Креативна Европа.

Унијата на македонски професионални асоцијации во креативните индустрии УМПАКИ Скопје, инспирирани од глобалните случувања во секторот на култура и креативни индустрии и ограничените национални можности за домашните претприемачи кои работат во областа Лабораторијата за социјални иновации во соработка и партнерство со СмартАп го организираа првиот Креативен Бизнис Куп Северна Македонија 2021!
Креативниот Бизнис Куп Северна Македонија се одржи на 21-ви мај каде 10 избрани финалисти од сите примени апликации беа поканети да го презентираат својот бизнис пред жири составено од домашни и странски експерти, инвеститори, претприемачи.

Претходно, финалистите земаа онлајн учество на онлјан академијаа каде што со помош на ментори имаа можност да работат на подготовка на својата презентација за Купот, а воедно и се стекнаа со знаење за развој на своите бизнис модели и стратегии за раст.
Победникот на Националниот Куп доби место во Глобалната акселераторска програма, каде ја претставуваше Северна Македонија на Глобалното финале 2021 на BRIGHT форумот во Копенхаген во Јуни 2021.

4. Транспарентност и отчетност
   Работењето на Унијата вклучително со извештаите, како и годишната сметка беа уредно доставени до Органите на управување и истите на оддржани работни седници беа одобрени и усвоени, соглассно Статуот на Унијата. Годишните извештаи на Унијата ќе бидат уредно достапни и на веб страната на Унијата, со цел да се обезбеди целосна транспаретност во работењето.

Скопје, 18.04.2021
Место Датум

Елена Бојаџиева - Цветковска
Лице одговорно за составување на извештајот

Своерачен потпис

Унија на македонски професионални асоцијации во креативните индустрии УМПАКИ • СКОПЈЕ •

Елена Бојаџиева - Цветковска
Одговорно лице на организацијата со статус од јавен интерес

Своерачен потпис

М.П.

Унија на македонски професионални асоцијации во креативните индустрии УМПАКИ • СКОПЈЕ •

**ДОПОЛНУВАЊЕ НА ДЕЛОВЕН ИЗВЕШТАЈ**

за период од 01.01.2021 до 31.12.2021 година

согласно добиено Барање за корекција на Деловниот и финансиски извештај за 2021 година

со Арх.број 20-7/4 од 07.07.2022

1. **Општи податоци за организацијата со статус од јавен интерес**
   1.3 Податоци за контакт: Факс: /; e-mail: info.umpaki@gmail.com; веб страница: www.umpaci.com; Тел. 072230688

3. **Резиме на програмата за работа**

Креативен Бизнис Куп е единствен натпревар за иновативни бизнис идеи, производи или услуги од креативните и културните индустрии кои имаат потенцијал да растат на глобално ниво.

***Општата цел на проектот***:
Целта на овој проект е да се зајакнат локалните претприемачи во културната креативна економија преку создавање средина во која ќе можат да ги развијат своите идеи и бизниси, да ги подобрат своите вештини со цел да ги прикажат можностите што тие ги нудат на поголем иновативен екосистем. Купот претставува можност за претставување на својот бизнис/производ/услуга пред домашни и меѓународни експерти, инвеститори и индустриски партнери – претставници од над 80 земји и добивање повратни значајни информации, корисни совети за сопствениот бизнис.

***Цел на проектот***:
Причината за организирање на еден ваков настан е потребата за ширење на производи и услуги од креативните и културните индустрии кои имаат потенцијал да растат на глобално ниво. Целта на проектот е формирање мрежа со претприемачи, инвеститори, експерти и ментори од 80+ земји, привлекување меѓународни инвестиции и меѓународна публика, место за инспирација за размислување на нови и различни начини, стекнување со знаење за развој на своите бизнис модели и стратегии за раст.

Останатите цели подразбираат градење на специфични капацитети меѓу 10 избрани тимови/стартапи – учесници, преку интензивна програма за обука. Со овој проект, на 10 финалисти, избрани креативни и иновативни стартапи од Северна Македонија им овозможивме да го презентираат и подигнат својот бизнис пред жири составено од домашни и меѓународни индустриски експерти и инвеститори, претприемачи од висок профил. Претходно, финалиститеземаа онлајн учество на онлјан академија каде што со помош на ментори имаа можност да работат на подготовка на својата презентација за Купот, а воедно и се стекнаа со знаење за развој на своите бизнис модели и стратегии за раст.

Потоа избор и поддршка на национален претставник кој ќе присуствува и ќе ја претставува нашата држава на Глобалниот креативен бизнис куп во Копенхаген, Данска. Победникот на Националниот Куп доби место во Глобалната акцелераторска програма, каде ја претставуваше Северна Македонија на Глобалното финале 2021 на BRIGHT форумот во Копенхаген во Јуни 2021.
Купот има за цел подигнување на свеста за потенцијалот и важноста на културната креативна економија во национален контекст и овозможување на градење релации/односи преку поврзување на различни чинители во секторот на културната креативна економија.

Реализирајќи го овој проект, на финалистите им овозможивме:
- пристап до онлајн Bootcamp академија која вклучува обука за теренот,
- алатки за зајакнување на подготвеноста на нивниот инвеститор и знаење што ќе го зајакне нивниот бизнис модел.
- добија дигитален пазар за прикажување на својот производ,
- простор на веб страница за да го претстават својот производ или услуга што всушност им овозможи поголема меѓународна изложеност дури и по завршувањето на натпреварот.
- можност за освојување на значителни финансиски награди од 3000 до 10 000 евра
- можност за претставување на својата деловна идеја пред меѓународно жири и пред светот
- привлекување меѓународни инвестиции и меѓународна публика
- формирање мрежа со претприемачи, инвеститори, експерти и ментори од 80+ земји -

***Целна група и целно подрачје опфатени со реализацијата на проектот*:**
Со реализацијата на овој проект беа опфатени сите млади претприемачи 18+ кои имаат свои стартапи и бизниси од различни индустрии на територијата на цела држава. Проектот имаше задоволително голема бројка на добиени/пристигнати апликации – најмалку 10 тимови со по неколку учесници, како и ангажирани 9 ментори.

Организацијата на проектот беше поддржана од Град Скопје и Центарот за иновации на Град Скопје - Скопје Лаб.

***Заклучоци и идни планови во врска со проектот:***
Учеството на „ Креативен Бизнис Куп " нуди единствена можност:
- да ја презентирате вашата идеја пред експертско жири и домашна публика и да добиете корисни совети за вашиот бизнис;
- да се запознаете и вмрежите со други бизниси и експерти;
- да бидете еден од победниците;
- да станете дел од „Креативната Бизнис Мрежа" (Creative Business Network - CBN) и да ги искористите можностите кои ги нуди таа - можности за финасирање, тренинзи, обуки, партнери и сл.
-

Големиот интерес и успешната реализација на настанот претставува дополнителна мотивација за продолжување со спроведување на единствениот натпревар за бизнисите од креативните индустрии од размери на глобално ниво. Планот за иднина е реализација на ВТОР „Креативен Бизнис Куп" преку кој ќе се овоможи вмрежување и запознавање со други бизниси и експерти, а воедно и ќе преставува можност вашиот стартап бизнис да порасне на глобално ниво, да се добијат корисни совети за сопствениот бизнис од докажани експерти. Креативниот бизнис куп - Македонија е единствен и нов проект насочен кон промовирање и подигнување на претприемачите кои работат во секторот на културни креативни економии во нашата земја.
Витален дел од аспектот на новитетот е долгорочната цел за градење заедница, со визија за воспоставување силна мрежа на поддршка и соработка помеѓу засегнатите страни од секторот

на креативната економија, како на национално така и на меѓународно ниво.

Во однос на нашата јака страна, нашите две партнерски организаци имаат значително искуство во иновативна организација на настани и во поддршка на иновативните идеи во различни контексти. Особено заради фактот што веќе го организиравме првото издание на Креативниот бизнис куп – Македонија во 2021 година, што ни даде можност да ги согледаме огромните можности за понатамошниот раст и развој на овој проект.

За овој проект се планирани неколку текови на одрживост. Првата група произлегува од аспектите на создавање и поврзување на заедницата на Купот. Глобалниот креативен бизнис куп, во изминатите четиринаесет години колку што е организиран на светско ниво, прерасна во моќна меѓународна заедница која се одржува и континуирано расте со текот на времето.

Со тоа што стануваме препознаен партнер и дел од оваа заедница, ќе го поттикнеме развојот на локалната заедница и ќе го искористиме постоечкиот екосистем на претприемачи, ментори и финансиери. Понатаму, постои потенцијал за организирање алумни мрежа која може, освен да поддржува нови членови и да служи како доказ, да функционира како амбасадорски ентитет за купот.

Вториот тек доаѓа од поддршката на постоечките и потенцијалните локални партнери.

## 4. Транспарентност и отчетност

Годишните приходи за периодот 01.01.2021 – 31.12.2021год. изнесуваат 85.000 денари и истите се остварени од продажба на производи, стоки и услуги.
Во наведениот период **не беа** направени статусни промени.

Конфликт на интереси или евентуални судири на интереси **не постојат** во УМПАКИ и истото е регулирано со статутот на Унијата. Во телата на УНИЈАТА се делегирани членови од страна на Асоцијациите – членки на УНИЈАТА.

Во наведениот период 01.01.2021 – 31.12.2021 година **не беше** поведена постапка за забрана и престанок со работа на здружението и фондацијата; не беше поведено постапка за стечај или ликвидација на Унијата; жиро сметката **беше** активна и оперативна односно истата **не беше** блокирана.

Деловниот и финансискиот извештај се навремено **објавени** на веб страницата на здружението - прилог screen shots на кои може да се види дека деловниот и финансискиот извештај се објавени на веб страницата на УМПАКИ, а истото може да се провери на самата страница www.umpaci.com во делот „ЗА НАС“ и најдолу во делот ПОВРЗАНИ ДОКУМЕНТИ ќе се забележат две папки ДЕЛОВЕН ИЗВЕШТАЈ и ФИНАНСИСКИ ИЗВЕШТАЈ (внатре се сите извештаи од 2019та година па се до 2021год.)

Согласно член 75 став 1 алинеја 6 од Законот за здруженија и фондации, висината на годишните приходи изнесуваат 85.000 денари. Имајќи ја предвид светската економска криза предизвикана од пандемијата со Ковид 19 која траеше и во 2021, голем дел од планираните

активностите за 2021 година ни беа преместени со реализација и наплата на истите за во наредната 2022 година. Од тие причини и поголемиот дел од добиената поддршка за Креативниот Бизнис Куп беше непарична. Истовремено наведуваме дека УМПАКИ користи изнајмен канцелариски простор и техничка опрема за непречено функционирање и работење и тоа:

Персонален компјутер Intel Core i7-4770K
Monitor 24" Dell UltraSharp U2412M LED IPS, 16:10
Лап топ Lenovo IdeaPad S145-15IIL i5-1035G1
Лап топ Acer Aspire 5S A515-54G 1.6 GhzGHz i5-10210U
Екстерен преносен диск за податоци - HDD External 2.5" 2TB USB 3.0 WD Elements.
Принтер HP Laser Jet Pro MFP M125nw

Ова Дополнување на деловниот извештај за работењето на УМПАКИ за периодот од 01.01.2021 до 31.12.2021 година ќе биде поставено и на веб страницата на УМПАКИ со цел комплетно, транспарентно и јавно известување, согласно Статутот на Унијата.

Скопје, 13.07.2022
Место Датум

Елена Бојаџиева - Цветковска
Лице одговорно за составување на извештајот

______________________
Своерачен потпис

Елена Бојаџиева - Цветковска
Одговорно лице на организацијата со статус од јавен интерес

______________________ М.П.
Своерачен потпис

Унија на македонски професионални асоцијации во креативните индустрии • СКОПЈЕ • УМПАКИ


Меѓународен форум
Дома
За нас
Цели
Проекти
Контакт
CreativeBusiness Network
Creative Business Cup
УМПАКИ
Читај повеќе
САКАШ ДА СОРАБОТУВАШ СО НАС?
Контакт
ПОВРЗАНИ ДОКУМЕНТИ
ДЕЛОВЕН ИЗВЕШТАЈ
PDF
ФИНАНСИСКИ ИЗВЕШТАЈ
PDF


Меѓународен форум
Дома
За нас
Цели
Проекти
Контакт
2021
ДЕЛОВЕН ИЗВЕШТАЈ
PDF
2020
ДЕЛОВЕН ИЗВЕШТАЈ
PDF
2019
ДЕЛОВЕН ИЗВЕШТАЈ
PDF